# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**Член 1**

Во Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/06, 24/07, 103/08 и 67/10), во членот 4 во точката 71, зборовите: „панорамско летање,“ се бришат.

**Член 2**

Во член 7-б по алинеја 10 се додаваат две нови алинеи 11 и 12 кои гласат:

„- врши заштита на правата на патници како и обезбедување на правата на лица со инвалидитет и лицата со намалена подвижност;

- издава одобренија за летање и дезигнации за домашни авиопревозници.“

**Член 3**

Во член 9 став (5) се менува и гласи:

„За претседател и член на Управниот одбор можат да бидат именувани лица од редот на вработените во Агенцијата, вработените во други правни лица што вршат дејност од обласга на цивилното воздухопловство основани од државата и вработените во други правни лица освен ако тоа не претставува конфликт на интереси согласно закон.“

**Член 4**

Во член 9-г во став (2) зборот „именува“ се заменува со зборот „избира“.

**Член 5**

Во член 9-д став (1) во алинејата 11 зборовите: „по претходно добиена согласност на Управниот одбор“ се бришат.

По алинејата 11 се додава нова алинеја 12 која гласи:

„- издава оперативни директиви за безбедност и обезбедување од дејствија на незаконско постапување,“.

**Член 6**

Во член 11 став 3 по зборот „односи“ се додаваат зборовите: „ , Законот за јавните службеници“.

**Член 7**

По член 11 се додаваат четири нови членови 11-а, 11-б), 11-в) и 11-г) кои гласат:

„Член 11-а
Статус на вработените во Агенцијата

Лицата вработени во Агенцијата кои вршат работи од јавен интерес утврдени со актот за систематизација на работите и задачите на Агенцијата, имаат статус на јавни службеници.

Член 11-б
Вработување на јавен службеник во Агенцијата

(1) Во Агенцијата, за вршење на работи од јавен интерес, може да се вработи лице кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани со Законот за јавните службеници како и другите услови пропишани со актот за систематизација на работите и задачите на Агенцијата. Стекнувањето статус на јавен службеник како и вработување на повисоко работно место од претходносто се врши на начин и постапка пропишани со Законот за јавните службеници.

(2) За пополнување на слободно работно место за вршење на работи од јавен интерес во Агенцијата, директорот на Агенцијата донесува одлука за потреба од вработување на јавен службеник во стручната служба.

(3) Со одлуката од став (2) на овој член се пропишува дали пополнувањето на слободното работно место се врши преку вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас, објавување на интерен оглас, распоредување од вработените јавни службеници или преземање на јавен службеник од друга институција.

(4) Доколку пополнувањето на слободното работно место се врши по пат на објавување на јавен оглас, директорот на Агенцијата доставува барање до Агенцијата за администрација заради објавување на јавен оглас за вработување.

(5) Објавувањето на огласот од став (4) на овој член и спроведување на постапката за избор се вршат согласно одредбите на членовите 17, 17-а, 17-б, 18 и 18-а од Законот за јавните службеници.

(6) Во случаите кога пополнувањето на слободното работно место се врши по пат на објавување на интерен оглас, интерниот оглас се објавува на веб страната на Агенцијата. Огласот содржи податоци за работното место кое треба да се пополни, посебните услови утврдени со Законот за јавните службеници, условите пропишани во актот за систематизација на работите и задачите во стручната служба на Агенцијата кои треба да ги исполни јавниот службеник и рокот за пријавување.

Член 11-в
Распоредување на јавен службеник

(1) Јавен службеник вработен во Агенцијата кој има соодветно образование, потребно искуство и ги исполнува и другите услови утврдени во актот за систематизација на работите и задачите во Агенцијата, по потреба на Агенцијата или по негово барање може да се распореди на друго работно место согласно актот за систематизација на работите и задачите, или да се преземе во друга институција ако за тоа има негова согласност и согласност на одговорните лица на институциите.

(2) Вработен во Агенцијата кој нема статус на јавен службеник, а има соодветно образование, потребно искуство и ги исполнува и другите услови утврдени во актот

за систематизација на работите и задачите во Агенцијата, по потреба или по негово барање, по претходно положен испит за јавен службеник може да биде распореден на работно место со соодветно звање во Агенцијата и да се стекне со статус на јавен службеник.

(3) Лицата кои за прв пат се вработуваат во Агенцијата за вршење на работи од јавен интерес и лицата кои се вработуваат на повисоко работно место од претходното во Агенцијата, задолжително извршуваат пробна работа. Пробната работа за избраниот кандидат за јавен службеник со високо образование трае 12 месеци, а за избраниот кандидат со средно образование и лицето кое се вработува на повисоко работно место од претходното, пробната работа трае шест месеци.

(4) За начинот на вршење на пробната работа и вработувањето на избраните лица од став (3) на овој член се применуваат одредбите од Законот за јавните службеници.

Член 11-г

Права, должности и одговорности на јавните службеници

(1) За правата, должностите и одговорностите (дисциплинска и материјална одговорност) на јавните службеници во Агенцијата, нивното оценување, како и престанокот на вработување и заштитата и одлучувањето за правата и обврските на јавните службеници се применуваат одредбите од Законот за јавните службеници.

(2) Против донесени решенија за престанок од вработување на јавните службеници во Агенцијата и против другите првостепени решенија со кои се одлучува за правата и обврските од работен однос, јавните службеници вработени во Агенцијата имаат право на жалба во рок од осум дена од приемот на решението, до Агенцијата за администрација.“

## Член 8

Во член 12 став (1) по алинејата 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

„- надоместок за заштита на права на патници и континуиран надзор и“.

Алинејата 6 станува алинеја 7.

По ставот (3) се додаваат три нови ставови (4), (5) и (6) кои гласат:

„(4) Надоместокот од став (1) алинеја 6 на овој член се наплатува од страна на авиопревозниците и се префрла месечно на сметката на Агенцијата.

(5) Надоместокот од став (1) алинеја 6 на овој член се наплатува од секој патник во заминување од аеродромите во Република Македонија, со исклучок на:

- членови на екипаж во случај на вршење на нивните должности;
- патници во случај кога воздухопловот кој ги превезувал е вратен на аеродромот од кој полетал поради виша сила и
- патници на летови кои се вршат со воздухоплов со капацитет помал од 20 седишта.

(6) Висината на надоместокот од став (1) алинеја 6 на овој член се утврдува со тарифник кој го донесува Управниот одбор на Агенцијата врз основа на годишен финансиски план претходно одобрен од страна на Собранието на Република Македонија, а во зависност од административните трошоци и трошоците за безбедносен и континуиран надзор.“

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (7) и (8).

**Член 9**

Во член 13 ставот (3) се менува и гласи:

„Извештајот за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за претходната година проследен со финансиско - сметководствени извештаи изработени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, Управниот одбор на Агенцијата ги усвојува најдоцна до 25 февруари секоја година.“

Ставот (5) се менува и гласи:

„Извештајот од независен ревизор се доставува до Управниот одбор на Агенцијата најдоцна до 1 јуни секоја година.”

По ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„(6) Извештајот за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за претходната година, Управниот одбор на Агенцијата го доставува на усвојување до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 јуни заедно со извештајот од независен ревизор.“

Ставот (6) станува став (7).

Ставот(7) се брише.

**Член 10**

Во член 34 став (4) се брише.

**Член 11**

Во член 53 ставот (1) се менува и гласи:

„Услугите на воздухопловна навигација се даваат врз ексклузивна основа во рамките на посебни блокови на воздушниот простор кој спаѓа под надлежност на Република Македонија од страна на давател на услуги на воздухопловна навигација кој треба да е дезигниран од страна на Владата на Република Македонија под услов да поседува уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација.“

Ставот (2) се менува и гласи:

„Во услови на постоење на функционален воздушен блок воспоставен со меѓународен договор согласно член 57 од овој закон, кој се протега преку воздушниот простор на Република Македонија, земјите потписнички заеднички дезигнираат со договорот еден или повеќе даватели на услуги на воздухопловна навигација и ги определуваат нивните права и обврски.“

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Дезигнацијата од став (1) и (2) на овој член се однесува на давање на АТС услуги и метеоролошки услуги“.

Ставот (3) станува став (4).

Ставот (4) кој станува став (5) се менува и гласи:

”На даватели на услуги на воздухопловна навигација кои имаат главно седиште или регистрирано претставништво во Република Македонија, уверението за

оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација им го издава Агенцијата како национална надзорна власт, со рок на важење од две години.”

Ставовите (5), (6), (7) и (8) стануваат ставови (6), (7), (8) и (9).

## Член 12

Членот 60-г се менува и гласи:

„(1) Давателот на услуги на воздухопловна навигација донесува програма за давање на услуги на воздухопловна навигација и годишен финансиски план по претходно добиена согласност од Агенцијата и ги доставува на одобрување до Владата на Република Македонија најдоцна до крајот на секоја година.

(2) Годишниот финансиски извештај со завршната сметка, ревизорскиот извештај за претходната година и годишниот извештај за работа за претходната година, давателот на услуги на воздухопловна навигација ги доставува до Владата на Република Македонија на одобрување најдоцна до крајот на јуни секоја година, по претходно добиено позитивно мислење од Агенцијата.“

## Член 13

Во член 84 во став (2) зборот „домашен“ се брише.

Во ставот (3) зборовите: „домашните превозници“ се заменуваат со зборот „превозниците“.

## Член 14

Во член 126 во став (4) зборовите: „екипажот и воздухопловно-техничкиот персонал кој се наоѓа во воздухопловот“ се заменуваат со зборовите: „комисијата за испитување на воздухоплови во лет определена од Агенцијата“.

## Член 15

Во член 163 во став (1) по зборовите: „помошникот на контролорот на летање“ се додаваат зборовите: „кои работат во оперативни смени“.

## Член 16

Во член 182 во ставовите (2) и (3) се бришат.

## Член 17

Во член 188 во став (1) точка 1) бројот „4“ се заменува со бројот „3“.

## Член 18

Во член 190 во став (1) точка 17) зборовите: „став (2)“ се бришат.

### Член 19

Во член 190-а зборот „инспекторот“ се заменува со зборот „Агенцијата“.

### Член 20

(1) Надоместокот од член 6 став (1) од овој закон, во период на важност на концесискиот договор на аеродромите во Република Македонија, се исплатува на Агенцијата од страна на Владата на Република Македонија од средствата остварени врз основа на концесискиот договор односно концесискиот надоместок.

(2) Средствата од став (1) на овој член, Владата на Република Македонија ги префрла годишно по добиена фактура од Агенцијата согласно одобрениот финансискиот план на Агенцијата од страна на Собранието на Република Македонија. Плаќањето на фактурата треба да се изврши во рок од 30 дена од приемот на истата.“

### Член 21

Статутот и актот за систематизација на работите и задачите во Агенцијата ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**Deleted:** ¶
¶
¶
¶
¶
¶
¶
¶
¶
¶
¶
¶
¶
Образец бр.1¶
¶
План за спроведување¶
на проценка на влијание на регулативата¶
¶
Наслов на предлог законот: ... [1]

| Page 6: [1] Deleted | vasilka.popgorgieva | 19/07/2011 12:16:00 |
|---|---|---|

Образец бр.1

План за спроведување
на проценка на влијание на регулативата

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство |
| Министерство: | Министерство за транспорт и врски |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Марија Крстевска<br>3 145 443 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | септември 2011 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Регулатива (ЕЗ) бр.550/2004 на Европскиот парламент и на Советот од 10 март 2004 година за обезбедување на услуги на воздухопловна навигација во Единственото европско небо;<br>Регулатива (ЕЗ) бр.1107/2006 на Европскиот парламент и на Советот од 05 јули 2006 година во однос на правата на лицата со инвалидитет и лица со намалена подвижност кога патуваат со авион. |

Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата

(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронски регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

Кои се главните проблеми?

Постоење на можност за судир на интереси при именување на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата;

Потребата од транспонирање на меѓународните стандарди и препорачани практики на ICAO, а кои сеуште не се превземени во ЕУ легислативата;

Дефинирање на стабилен извор на приходи за финансирање на Агенцијата како регулаторно тело во областа на воздухопловството;

Усогласување со Законот за јавните службеници, во делот на одредбите кои го уредуваат прашањето за вработените лица во Агенцијата за цивилно воздухопловство;

Усогласување со одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на периодот на доставување на ревизорскиот извештај за претходната година на Агенцијата од страна на Управниот одбор до Собранието на Република Македонија;

Усогласување со одредбите од Уредбата за посебните услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање („Службен весник на РМ“ бр.142/2010), кои се однесуваат на одобрение за летање кое треба да го поседува странски превозник кој не врши јавен воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај со Република Македонија за да може да лета во македонски воздушен простор;

Потреба од допрецизирање на одредбите од член 53 од Законот за воздухопловство согласно член 8 од ЕУ Регулативата 550/2004 во однос на дезигнација на давател на услуги на воздухопловна навигација;

Потреба од усогласување со одредбите од Законот за трговските друштва во однос на доставување до Владата на Република Македонија на Програмата за давање на услуги на воздухопловна навигација и Годишниот финансиски план, Годишниот финансиски извештај со завршната сметка, ревизорскиот извештај за претходната година од страна на давателот на услуги на воздухопловна навигација;

Усогласување на член 84 став (2) и (3) со одредбите од Националната програма за обезбедување во цивилното воздухопловство и со соодветни одобрени програми за обезбедување, во однос на обврската да секој превозник изработи Програма за обезбедување и е должен да имплементира мерки за обезбедување во насока на зачувување на цивилното воздухопловство од дејствива на незаконско постапување;

Потреба да се дезигнира надлежно тело во Република Македонија за обезбедување на правата на лица со инвалидитет и лица со намалена подвижност кои патуваат со авион, согласно член 14 од ЕУ Регулативата 1107/2006;

Потреба од усогласување со одредбите Законот за општата управна постапка, во однос на правото на судска заштита пред Управниот суд против решенијата на директорот на Агенцијата донесени во првостепена управна постапка и

Потреба од усогласување со одредбите од Законот за прекршоците во однос на надлежниот субјект кој пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, ќе спроведе постапка за порамнување.

Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Со Предлогот на законот ќе се избегне можноста од појава на судир на интереси при изборот на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство. односно ќе се утврди професионализација на нивниот статус,

Со Предлогот на законот ќе се овозможи транспонирање на меѓународните стандарди и препорачани практики на ICAO а кои сеуште не се превземени во ЕУ легислативата. Ваквото предлог решение има за цел преку издавање на оперативни директиви за безбедност и обезбедување од дејствија на незаконско постапување од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство да се надминат разликите кои Република Македонија ги пријавува на ICAO,

Со Предлогот на законот ќе се обезбеди стабилен извор на приходи за финансирање на Агенцијата, како регулаторно тело во областа на воздухопловството,

Со Предлогот на законот ќе се изврши усогласување со Законот за јавните службеници, во делот на одредбите кои го уредуваат прашањето за вработените лица во Агенцијата за цивилно воздухопловство,

Со Предлогот на законот ќе се изврши усогласување со Законот за трговски друштва во делот кој се однесува на периодот на доставување на ревизорскиот извештај за претходната година на Агенцијата од страна на Управниот одбор до Собранието на Република Македонија,

Со Предлогот на законот ќе се изврши усогласување со одредбите на Уредбата за посебните услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање („Службен весник на РМ“ бр.142/2010), кои се однесуваат на одобрение за летање кое треба да го поседува странски превозник кој не врши јавен воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај со Република Македонија за да може да лета во македонски воздушен простор,

Со Предлогот на законот ќе се изврши допрецизирање на одредбите кои се однесуваат на дезигнација на давател на услуги на воздухопловна навигација согласно член 8 од ЕУ Регулативата 550/2004;

Со Предлогот на законот ќе се изврши усогласување со одредбите од Законот за трговските друштва во однос на доставување до Владата на Република Македонија на Програмата за давање на услуги на воздухопловна навигација и Годишниот финансиски план, Годишниот финансиски извештај со завршната сметка, ревизорскиот извештај за претходната година од страна на давателот на услуги на воздухопловна навигација,

Со Предлогот на законот ќе се изврши усогласување со одредбите од Националната програма за обезбедување во цивилното воздухопловство и со соодветни одобрени програми за обезбедување, во однос на обврската да секој превозник изработи Програма за обезбедување и е должен да имплементира мерки за обезбедување во насока на зачувување на цивилното воздухопловство од дејствива на незаконско постапување,

Со Предлогот на законот ќе се утврди правен основ Агенцијата да ги обезбедува правата на лицата со инвалидитет и намалена подвижност, како надлежно тело во Република Македонија. Ваквото предлог решение има за цел Агенцијата да делува кај аеродромскиот оператор и авиопревозниците кога се утврдени одредени неправилности поради нивно постапување или непостапување

согласно одредбите пропишани во подзаконскиот акт на Владата на Република Македонија каде ќе се транспонира ЕУ Регулативата 1107/2006 и
Со Предлогот на законот ќе се изврши усогласување со одредбите Законот за општата управна постапка, во однос на надлежниот субјект кој пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, ќе спроведе постапка за порамнување.

Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?
Министерство за транспорт и врски и
Агенција за цивилно воздухопловство.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата
Кои информации и податоци се веќе достапни?
Ивештајот на Европската Комисија за напредокот за Република Македонија за 2010 година,
Извештаите на Оценските мисии на ЕУ за проценка на напредокот на Република Македонија во имплементацијата на Спогодбата за ЕЗВО,
Препораките од EASA инспекцијата која беше спроведена во текот на 2010 година,
Препораките од ISIS (Implementation of Single European Sky in South East Europe) Програмата финансирана од страна на Европската Унија, а управувана од Европската Комисија,
Заклучокот на Државната комисија за спречување на корупцијата донесен на 10.11.2010 година за да се изврши изменување и дополнување на Законот за воздухопловство во смисла на професионализација на статусот на претседателот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата,
Регулативата (ЕЗ) бр.550/2004 на Европскиот парламент и на Советот од 10 март 2004 година за обезбедување на услуги на воздухопловна навигација во единственото европско небо,
Регулативата (ЕЗ) бр.1107/2006 на Европскиот парламент и на Советот од 05 јули 2006 година во однос на правата на лицата со инвалидитет и лица со намалена подвижност кога патуваат со авион,
Законот за спречување судир на интереси,
Закон за прекршоците,
Законот за трговските друштва,
Законот за јавните службеници и
Законот за општата управна постапка.

Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?
Нема дополнителни информации.

Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?
Иницијална проценка на влијанието на регулативата.

Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство е изработен од Работна група во која членуваат претставници од Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка
Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?
Активностите започнаа во декември 2010 година.

Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?
За одредени членови од Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство користен е експерт од ISIS (Implementation of Single European Sky in South East Europe) Програмата финансирана од страна на Европската Унија, а управувана од Европската Комисија.

Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
Во септември 2011 година.

Г. Ресурси
Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

Образец бр. 2

Иницијална проценка на влијание на регулативата

Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

Опис на проблемите
Потребата од донесување на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ“ бр.14/2006, 24/2007, 103/2008 и 67/2010) е резултат на:
потребата за дефинирање на стабилен извор на приходи за финансирање на Агенцијата за цивилно воздухопловство согласно препораките содржани во извештаите на Оценските мисии на ЕУ за проценка на напредокот на Република Македонија во имплементацијата на Спогодбата за Европската заедничка

воздухопловна област и Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2010 година;
заклучокот на Државната комисија за спречување на корупцијата донесен на 10.11.2010 година за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство во смисла на професионализација на статусот на претседателот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата. Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство се овозможува именување на потребните квалитетни кадри во Управниот одбор на Агенцијата, а при тоа избегнувајќи ја можноста од појава на судир на интереси согласно член 18 став 1 од Законот за спречување судир на интереси;
усогласување со Законот за јавните службеници, во делот на одредбите кои го уредуваат прашањето за вработените лица во Агенцијата за цивилно воздухопловство;
утврдување на правен основ Агенцијата да ги обезбедува правата на лица со инвалидитет и лицата со намалена подвижност согласно член 14 ЕУ Регулативата 1107/2006, како надлежно тело во Република Македонија;
допрецизирање на одредени членови и усогласување со националната законска легислатива, меѓународните воздухопловни стандарди, препорачаните практики како и прописите на ЕУ/ЕЗВО.

Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите
Со предложените решенија во Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство:
ќе се обезбеди стабилен извор на приходи за финансирање на Агенцијата за цивилно воздухопловство како регулаторно тело во областа на воздухопловството;
ќе се изврши усогласување со Законот за јавните службеници, во делот на одредбите кои го уредуваат прашањето за вработените лица во Агенцијата за цивилно воздухопловство;
ќе се избегне можноста од појавата на судир на интереси во однос на лицата кои можат да бидат именувани за претседател и членови на Управен одбор на Агенцијата, односно да се утврди професионализација на статусот на претседателот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата;
ќе се дезигнира Агенцијата како надлежно тело за обезбедување на правата на лицата со инвалидитет и намалена подвижност како и националната законска легислатива согласно член 14 од ЕУ Регулативата 1107/2006 (правата на лицата со инвалидитет и намалена подвижност) и
ќе се допрецизираат одредени членови и ќе се усогласат со националната законска легислатива, меѓународните воздухопловни стандарди, препорачаните практики како и прописите на ЕУ/ЕЗВО.

Идентификација на можни решенија (опции)
Со Предлогот на законот ќе се обезбеди стабилен извор на приходи за финансирање на Агенцијата, како регулаторно тело во областа на воздухопловството,
Со Предлогот на законот ќе се избегне можноста од појава на судир на интереси при изборот на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство. односно ќе се утврди професионализација на нивниот статус,

Со Предлогот на законот ќе се изврши усогласување на Законот за воздухопловство со Законот за јавните службеници, во делот на одредбите кои го уредуваат прашањето за вработените лица во Агенцијата за цивилно воздухопловство,

Со Предлогот на законот ќе се овозможи транспонирање на меѓународните стандарди и препорачани практики на ICAO а кои сеуште не се превземени во ЕУ легислативата. Ваквото предлог решение има за цел преку издавање на оперативни директиви за безбедност и обезбедување од дејствија на незаконско постапување од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство да се надминат разликите кои Република Македонија ги пријавува на ICAO,

Со Предлогот на законот ќе се обезбеди стабилен извор на приходи за финансирање на Агенцијата, како регулаторно тело во областа на воздухопловството,

Со Предлогот на законот ќе се изврши усогласување со Законот за трговски друштва во делот кој се однесува на периодот на доставување на ревизорскиот извештај за претходната година на Агенцијата од страна на Управниот одбор до Собранието на Република Македонија,

Со Предлогот на законот ќе се изврши усогласување со одредбите на Уредбата за посебните услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање („Службен весник на РМ“ бр.142/2010), кои се однесуваат на одобрение за летање кое треба да го поседува странски превозник кој не врши јавен воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај со Република Македонија за да може да лета во македонски воздушен простор,

Со Предлогот на законот ќе се изврши допрецизирање на одредбите кои се однесуваат на дезигнација на давател на услуги на воздухопловна навигација согласно член 8 од ЕУ Регулативата 550/2004,

Со Предлогот на законот ќе се изврши усогласување со одредбите од Националната програма за обезбедување во цивилното воздухопловство и со соодветни одобрени програми за обезбедување, во однос на обврската да секој превозник изработи Програма за обезбедување и е должен да имплементира мерки за обезбедување во насока на зачувување на цивилното воздухопловство од дејствива на незаконско постапување,

Со Предлогот на законот ќе се утврди правен основ Агенцијата да ги обезбедува правата на лицата со инвалидитет и намалена подвижност, како надлежно тело во Република Македонија. Ваквото предлог решение има за цел Агенцијата да делува кај аеродромскиот оператор и авиопревозниците кога се утврдени одредени неправилности поради нивно постапување или непостапување согласно одредбите пропишани во подзаконскиот акт на Владата на Република Македонија каде ќе се транспонира ЕУ Регулативата 1107/2006 и

Со Предлогот на законот ќе се изврши усогласување со одредбите Законот за општата управна постапка, во однос на надлежниот субјект кој пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, ќе спроведе постапка за порамнување.

Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

Предложено решение (опција):

Опис:

Со Предлогот на законот не се идентификувани трошоци.

Трошоци

Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.
Не.

Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.
Не.

Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.
Не.

Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.
Не.

Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.
Не.

Придобивки

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни
- стабилен извор на приходи за финансирање на Агенцијата за цивилно воздухопловство како регулаторно тело во областа на воздухопловството.
- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни
- ќе се избегне можноста од појавата на судир на интереси во однос на лицата кои можат да бидат именувани за претседател и членови на Управен одбор на Агенцијата, односно да се утврди професионализација на статусот на претседателот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата и
- ќе се дезигнира Агенцијата како надлежно тело за обезбедување на правата на лицата со инвалидитет и намалена подвижност како и националната законска легислатива согласно член 14 од ЕУ Регулативата 1107/2006 (правата на лицата со инвалидитет и намалена подвижност).

Ризици и претпоставки
Нема.

Останати влијанија

| Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата | | Анализи приложени во прилог |
|---|---|---|

| Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата | | Анализи приложени во прилог |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Чекор 3: Консултации

Резиме на иницијалната
проценка на влијание на регулативата

Краток осврт на преферираното решение/опција:

Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:
Лица одговорни за изработка на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство:

Марија Крстевска, раководител на Секторот за воздухопловство, Министерство за транспорт и врски,

Весна Павлов, советник за аеродроми и аеродромски услуги, Одделение за безбедност и воздухопловни стандарди, Сектор за воздухопловство, Министерство за транспорт и врски,

Зоран Ангеловски, раководител на Секторот за меѓународно-правни работи, Агенција за цивилно воздухопловство,

Вети Ѓеорѓиевска, раководител на Одделение за безбедност и воздухопловни стандарди, Агенција за цивилно воздухопловство.

Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:
Марија Крстевска, раководител на Секторот за воздухопловство, Министерство за транспорт и врски

Изјава од министерот
за иницијалната проценка на влијание на регулативата

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5.) | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6.) | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство е изработен од Работна група во која членуваат претставници од Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за цивилно воздухопловство.<br>За одредени членови од Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство користен е експерт од ISIS (Implementation of Single European Sky in South East Europe) програмата финансирана од страна на Европската Унија, а управувана од Европската Комисија. | Да. |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | Да. |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | Не. |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | Да. |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | Да. |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | Не. |

Изјава од министерот

Јас, Миле Јанакиески, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:
..........................................................................

Датум:18.07.2011 година